РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
**Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје**
**Факултет за електротехника и информациски технологии**

Број: 02-717/3
Датум: 16.4.2025 година
СКОПЈЕ

Врз основа на член 110 и 173 од Законот за високото образование („Службен весник на РМ" бр. 82/2018 и Службен весник на РСМ бр. 178/2021) и член 59 од Статутот на Факултетот за електротехника и информациски технологии - Скопје, единица во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник бр. 457/2019), Наставно-научниот совет на Факултетот на седницата одржана на 16.4.2025 година, донесе

# ОДЛУКА

за избор на наставник

1. Се прифаќа предлогот од рецензентската комисија даден во Рефератот/Извештајот објавен во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје бр. 1327 од 1 април 2025 година за избор на ***д-р Марија Марковска Димитровска*** во наставно-научно звање вонреден професор, по предметите од наставно-научната област 2.02.00.01 – електрични кола и процесирање на сигнали.

2. *Д-р Марија Марковска Димитровска* се избира во наставно-научното звање *вонреден професор* по предметите од наставно-научната област 2.02.00.01 – електрични кола и процесирање на сигнали, за време од пет години.

3. Избраниот наставник заснова работен однос за времето за кое е избран.

4. Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето.

5. Примерок од одлуката да се достави до: ННС, именуваната, персонално досие, општата служба и архивата на ФЕИТ.

Декан
Проф. д-р Владимир Атанасовски